ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# ЗА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ И ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
# „КУМАНОВО-ПАРКИНГ“ КУМАНОВО

01 2021 10 06

Скопје, мај 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 19 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на успех | 20 |
| Биланс на состојба | 21 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 22 |
| Извештај за паричниот тек | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 24 - 27 |
| - Сметководствени политики | 27 - 33 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 33 - 44 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија

ЈП - Јавно претпријатие

МСЕ – Мали и средни ентитети

МСФИ - Меѓународни стандарди за финансиско известување

УО - Управен одбор

ЦР - Централен регистар

ФИ - Финансиски извештаи

МФ - Министерство за финансии

в. д. - вршител на должност

ДДВ - данок на додадена вредност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-730/10
Датум: 12.05.2022

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Куманово-паркинг“ Куманово за 2020 година.

Со извршената ревизија изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на јавното претпријатие за годините кои претходат на годината предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП „Куманово-паркинг“ Куманово за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- од страна на одговорните лица не е донесен акт за сметководствени политики со кои ќе се уредат основите, правилата и практиките, кои ги применува субјектот при подготвување и презентирање на финансиските извештаи;
- јавното претпријатие не поседува сопствена веб страница, а годишната сметка не е објавена на веб страницата на Општина Куманово, како негов основач;
- интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи, а привремено ангажираните лица вршат редовни работни задачи и за период подолг од две години;
- по основ на обврска за надомест за комунална такса за користење на паркинг простор утврдена е состојба на неуплатени средства во корист на Буџетот на Општина Куманово;
- основната главнина не е целосно запишана во Централниот регистар на РСМ;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен;

- за евидентираните побарувања за кои постои голема неизвесност за нивна наплата не е извршено вредносно усогласување;
- признавањето на дел од трошоците е без соодветна поткрепувачка документација и
- неправилности во спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата истакнува дека не е спроведена постапка за избор на директор на претпријатието, а во континуитет в.д. директорот и градоначалникот на општината како основач, немаат склучено договор за уредување на меѓусебните права, одговорности и овластувања. Во текот на ревизијата, од страна на субјектот извршени се корекции во финансиските извештаи, за нематеријалните средства.

Во делот на Останати прашања, ревизијата смета за потребно да укаже на потребата за ангажирање на основачот Општина Куманово, во насока на поголема финансиска поддршка на ЈП во делот на изготвување на идејни проекти за зголемување на бојот на паркиралиштата на територија на град Куманово.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 20 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Куманово – паркинг“ Куманово кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед за промени на капиталот и резервите за 2020 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај, за финансиските извештаи на јавното претпријатие за паркинг простори и јавно осветлување „Куманово-паркинг“ Куманово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП „Куманово-паркинг“ Куманово застапувано од:

- Фадиљ Шабани в.д. директор од 26.06.2018 година до 20.11.2021 година и
- Сашо Петрушевски в.д. директор од 20.12.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.11.2021 до 31.12.2021 година кај ЈП „Куманово - паркинг“ Куманово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 14.02.2022 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Ревизијата констатира одредени слабости во однос на обврската на ЈП за водење на сметководството, составување на годишна сметка и финансиски извештаи и нивната транспарентност во известувањето и тоа:

- ЈП „Куманово-паркинг“ Куманово нема донесено сметководствени политики кои се применуваат во изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието, а кои треба да бидат усогласени со барањата за составување на финансиските извештаи, согласно Оддел 2 - Концепти и преовладувачки принципи и Оддел 10 - Сметководствени политики, проценки и грешки од МСФИ за МСЕ[1], што може да влијае на објективното презентирање на финансиските извештаи.

  Во текот на ревизијата изготвени се сметководствени политики кои се усвоени од страна на Управниот одбор со Одлука[2] и ќе се применуваат во наредниот период.
- ЈП не поседува сопствена веб страница, а на веб страницата на општината, како основач, се објавени само квартални финансиски извештаи, но не е објавена и годишната сметка, во рок од 15 дена од денот на нејзиното доставување до Централниот регистар, што не е во согласност со член 7-а, став (1) од Законот за јавните претпријатија.

Ваквата состојба ја намалува транспарентноста и отчетноста во работењето на претпријатието.

**Препорака:**
Надлежните лица во претпријатието да ги имплементираат донесените сметководствени политики и да преземат активности за поставување на сопствена веб страна и објавување на финансиските извештаи и годишната сметка на претпријатието во законски предвидениот рок.

---

[1] Објавени во Правилникот за водење сметководство („Сл. весник на РМ” бр. 159/09, 164/10 и 107/11)
[2] Бр.02-90/04 од 18.02.2022 година

3.1.2. Од извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во текот на 2020 година, начинот на пресметка и исплата на плата во ЈП „Куманово-паркинг" Куманово е врз основа на Правилник за исплата на плата и надоместоци на плата од 2009 година[3] и дополна на Правилник за исплата на плата и надоместоци на плата во ЈП „Куманово-паркинг" Куманово од 2016 година[4], кој не е усогласен со важечката законска регулатива во делот на основната компонента на плата за степен на образование, ниво и делот на плата за стаж. За административните службеници (подгрупа јавни службеници), делот на основната плата за секое работно место на кое се распоредени, се вреднува со коефициенти на сложеност, кои не се во согласност со бодовите предвидени во членот 87 од Законот за административни службеници.
- Коефициентите на сложеност се вреднуваат со определена нето вредност која е утврдена со Одлуката за усогласување на вредност на бод[5] од 2019 година, што не соодветствува со воспоставениот начин на пресметка и исплата на бруто платите на работниците во РСМ, односно не е во согласност со член 3 од Законот за исплата на платите во РСМ[6] и член 1 од Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување и доставување на пресметките до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи[7].
- Во месец октомври 2019 година, од страна на Управниот одбор донесена е Одлука за усогласување на вредноста на бод, но за истата нема обезбедено согласност од основачот, што не е во согласност со член 11, став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија[8]. Исто така, ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 88 од Законот за административни службеници[9], кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет, врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

---

[3] Бр. 02-1/5 од 19.11.2009 година
[4] Бр. 02-324/3 од 07.10.2016 година
[5] Бр. 02-275/4 од 21.10.2019 година
[6] „Сл. весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05,121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15 и „Сл. весник на РСМ" бр. 202/19 година
[7] „Сл. весник на РМ" бр. 08/2009 година
[8] „Сл. весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19 година
[9] „Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20 и 215/21 година

Состојбите констатирани во делот на интерните акти за пресметка на плата доведува до неправилна пресметка, исплата на плата на вработените во јавното претпријатие и отстапување на платите согласно важечката законска регулатива.

Препорака:
Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за:

- усогласување на Правилникот на плати со важечките законски прописи и
- доставување предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во законски предвидениот рок.

3.1.3. Од извршениот увид во документацијата поврзана со привремените вработувања во ЈП „Куманово-паркинг" Куманово, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во текот на 2020 година, претпријатието искажало трошоци во вкупен износ од 2.296 илјади денари, за 10 привремено ангажирани лица преку приватна агенција за вработување. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а 8 од нив, се ангажирани континуирано за период подолг од две години. Ваквиот начин на постапување, не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи[10], агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин. Привремените вработувања во претпријатието кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето и субјективност во изборот на лица.
- Нето платите на привремено ангажираните лица, се во износ на минимално загарантираната плата во РСМ за 2020 година, односно истите се ниски од платите на редовно вработените лица на соодветните работи места, утврдени со Правилникот за систематизација на работните места. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 30 од Законот и ги доведува во нееднаква положба лицата кои се привремено вработени во однос на лицата кои се во редовен работен однос, а извршуваат исти работни задачи.

  По спроведените постапки за вработување во 2021 година, во претпријатието на неопределено работно време, вработени се сите 10 лица, согласно работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работни места.

---

[10] Замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, специфични неконтинуирани работи и непредвидливи краткотрајни активности

Препорака:

Директорот на претпријатието да преземе мерки и активности, привременото ангажирање на работници преку приватна агенција за вработување да се врши само во случаите кои се предвидени со законските одредби, но не подолго од две години, со или без прекин.

3.1.4. Согласно одредбите на член 20, тарифен број 8 од Законот за комуналните такси[11], за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплаќа комунална такса во висина од 10% до 20% од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање. Наплатата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Оваа обврска е уредена и со Одлуката[12] за утврдување на комунална такса донесена од страна на Советот на Општина Куманово, според која за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси, приколки на јавни паркиралишта, ЈП има обврска, да плаќа на општината комунална такса во висина од 10% од цената на наплатената услуга за користење на простор за паркирање.

ЈП „Куманово-паркинг" Куманово на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот, на 31.12.2020 година, по овој основ има искажано обврски во износ од 4.892 илјади денари, а кои се однесуваат за период од 2016 до 2020 година и тоа (2016 година износ од 736 илјади денари, 2017 година 728 илјади денари, 2018 година 999 илјади денари, 2019 година 1.307 илјади денари и 2020 година 1.122 илјади денари). Ненавременото плаќање на обврските има за ефект помалку остварени приходи од надоместок за користење на простор за паркирање, во Буџетот на Општина Куманово.

Обврските за комунална такса за период 2016 - 2020 година се прикажани во следниот графикон.

[11] „Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Сл. весник на РСМ" бр. 151/21
[12] Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на комунална такса бр. 07-4472/11 од 15.04.2010 година




Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење на претпријатието да преземат мерки и активности за навремено подмирување на обврските по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање.

## 3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. Според трговските книги на 31.12.2020 година, вредноста на капиталот изнесува 6.500 илјади денари, од кои 1.500 илјади денари се основачки капитал врз основа на Одлука за основање[13] на јавното претпријатие, а 5.000 илјади денари се обезбедени со одлуки[14] од Советот на општината за зголемување на основната главнина и истите се упишани во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на РСМ.

Во период од 2010 до 2020 година од страна на Советот на општината донесени се повеќе одлуки[15] за зголемување на основната главнина на јавното претпријатие во вкупен вредност од 18.500 илјади денари кои не се упишани во Централниот регистар на РСМ. Како причина за ваквото постапување е барањето од страна на Централниот регистар да се извршат измени и дополнувања на Статутот во делот на упишување на висината на основната главнина, согласно одредбите на член 287 од Законот за трговските друштва[16] и член 4 - б од Законот за јавните претпријатија.

[13] Одлука бр. 07-8041/4 од 26.08 2009 за основање на претпријатието

[14] Одлука бр. 07-4472/3 од 15.04.2010 година

[15] Одлука бр. 07-7443/7 од 22.10.2012, бр. 07-8741/36 од 27 декември 2017, Одлука бр. 09-8185/53 од 29.12.2020 година

[16] Сл. весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и Сл. весник на РСМ бр. 290/20 и 215/21

Во текот на вршење на ревизијата од страна на Управниот одбор донесена е Одлука[17] со која се извршени измени и дополнувања на Статутот согласно горе наведените барања и истата е доставена до Општина Куманово за усвојување, добиена е согласност од Советот, но до денот на известување се уште не е завршена постапката на целосно упишување на главнината на јавното претпријатие.

Ваквата состојба, не дава уверување за реално и објективно прикажување на основачкиот влог на претпријатието, искажан во трговските книги и финансиските извештаи на претпријатието за 2020 година.

**Препорака:**

Одговорните лица на ЈП „Куманово-паркинг" Куманово да ги продолжат започнатите активности во насока на целосно упишување на главнината во Централниот регистар на РСМ и нејзиното евидентирање во трговските книги и финансиските извештаи на претпријатието.

3.2.2. Управниот одбор на ЈП „Куманово-паркинг" Куманово има донесено Одлука за формирање на пописни комисии[18], по што е спроведен попис, изготвен е Извештај[19] и усвоен со Одлука од страна на Управниот одбор[20].

Со извршениот увид во целокупниот пописен материјал, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- не е извршен попис на градежните објекти со цел да се утврди нивната фактичка состојба (вредност, квадратура, имотни листи и др.), евентуалните оштетувања, дополнителни вложувања, дали се работи за градежни објекти кои заеднички се користат или објекти од кои се користи само дел кој е сопственост на субјектот;
- не е извршен попис на побарувањата и обврските, односно пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата врз основа на екстерна или интерна документација, не се утврдени причините за ненавремена наплата на истите, не е утврдена старосната структура и преземените активности за нивна наплата; и
- во пописните листи не се содржани номенклатурни броеви за опремата и ситниот инвентар и истите се евидентирани во заеднички пописни листи.

Нецелосно спроведениот попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и член 4, 7 и 10 од Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, и не даваат уверување за реално и

[17] Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Куманово-паркинг" Куманово
[18] Одлука бр.02-287 од 30.12.2020 година
[19] Извештај за извршен годишен попис за 2020 година
[20] Одлука бр.02-58/4 од 02.03.2021 година

објективно прикажување на средствата и обврските, искажани во трговските книги и ФИ за 2020 година.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да ги задолжат пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со правилникот.

3.2.3. Со извршените директни тестирања во поодделните аналитички категории на групата материјални средства и верификација на пресметаната амортизација во однос на применетите стапки, ревизијата констатира дека не е извршено соодветно групирање и распоредување на материјалните средства по амортизациони групи, а за сите градежни објекти со кои располага претпријатието (летниковци, столбови, бунари) е применета стапка на амортизација од 2,5%, без оглед на нивниот различен корисен век на употреба.

Ваквиот начин на пресметка на амортизацијата не земајќи го во предвид корисниот век на употреба на средството, не е во согласност со Оддел 17, точка 17.16 на МСФИ за МСЕ, Недвижности, постројки и опрема и има за резултат нереално и необјективно прикажување на вредноста на материјалните средства и на трошоците за амортизација.

Препорака:

Одговорните лица во ЈП „Куманово-паркинг" Куманово да извршат соодветно разграничување на материјалните средства по амортизациони групи и да ги применуваат амортизациони стапки, според корисниот век на употреба.

3.2.4. Во трговските книги и финансиските извештаи со состојба 31.12.2020 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачите во земјата во износ од 2.252 илјади денари, кои се однесуваат на побарувања од правни лица по основ на склучени договори за: услуга за одржување на систем за зонско паркирање, користење на зонско паркирање, за комисиона продажба на билети за паркирање за сметка на јавното претпријатие.

Со извршената анализа на побарувањата, старосната структура, како и преземените мерки за нивна наплата, ревизијата констатира дека од вкупните побарувања, 742 илјади денари се побарувања од правни лица по договори за зонско паркирање, концесионери за продажба на карти за паркинг од минати години (2010-2018). Од нив, утужено е само за едно побарување од 2014 година во износ од 114 илјади денари, а за останатите побарувања во износ од 628 илјади денари, претпријатието со години нема преземено мерки за нивна наплата. Имајќи го во предвид општиот рок на застареност и големата неизвесност за нивна наплата, истите не се евидентирани на сметката

сомнителни и спорни побарувања, ниту е извршена проценка на степенот на наплатливост заради понатамошно постапување.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Оддел 23 точка 27 од МСФИ за МСЕ и има за резултат необјективно искажување на побарувањата од купувачите и трошоците на работење во ФИ за 2020 година

Препорака:

Одговорните лица во ЈП „Куманово–паркинг" Куманово да преземат активности за:

- навремена наплата на побарувањата и
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување и нивно соодветно евидентирање.

3.2.5. Во 2020 година, Советот на Општина Куманово има донесено Одлука[21] за давање на трајно користење на движна ствар, сопственост на Општина Куманово, на ЈП „Куманово-паркинг" Куманово, патничко моторно возило фолксваген пасат, за што е склучен Договор[22] за регулирање на меѓусебните права и обврски. Возилото е примено со Записник за примопредавање на движни ствари[23] без податоци за неговата вредност. Иако средството е ставено во употреба, од страна на јавното претпријатие не е извршена негова проценка и не е евидентирано во трговските книги.

Ваквата состојба не е во согласност со Оддел 24 од МСФИ за МСЕ во однос на сметководствената евиденција на државната поддршка и има за ефект нереално прикажување на позициите во Билансот на состојба и Билансот на успех и влијае врз финансискиот резултат.

Препорака:

Одговорното лице на ЈП „Куманово–паркинг" Куманово да преземе активности, за проценка на вредноста на возилото и негово сметководствено евидентирање, применувајќи го приходниот пристап согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ.

[21] Одлука бр. 09-6669/17 од 28.10.2020 година
[22] Договор бр.03-242/1 од 06.11.2020 година меѓу Општина Куманово и ЈП „Куманово-паркинг" Куманово
[23] Записник бр. 03-241/1 од 06.11.2020, помеѓу Општина Куманово и ЈП „Куманово-Паркинг" Куманово

## 3.3. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈП „Куманово-Паркинг" Куманово за 2020 година со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 15 постапки за јавни набавки, од кои 8 постапки за јавни набавки спроведени во 2020 година и 7 постапки спроведени во 2019 година, а кои имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 22.194 илјади денари без вклучен ДДВ, што опфаќа 100% од вкупната вредност на доделените договори.

Со увидот во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки утврдени се следните состојби:

3.3.1. При спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме непочитување на законските одредби во однос на:

- Кај 3 (три) постапки за јавни набавки (две спроведени во 2019 година и една во 2020 година) чија вредност на склучените договори изнесува 459 илјади денари без вклучен ДДВ, одлуката за избор на најповолна понуда не е донесена во законски предвидениот рок[24], со кој договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите

[24] член 112 од ЗЈН („Сл. весник на РСМ" бр. 24/19 и 87/21) и член 162 став 2 од ЗЈН („Сл. весник на РМ" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11,15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18)

за учество, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

- Кај 2 (две) постапки за јавни набавки (една во 2019 година и една во 2020 година), чија вредност на склучени договори изнесува 354 илјади денари без вклучен ДДВ, договор или рамковна спогодба во писмена форма не е склучен во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, односно во рамките на периодот на важност на понудата[25].

- Кај постапката со преговарање без спроведување на оглас за набавка на услуги за одржување на систем за зонско паркирање, спроведена во 2020 година, чија вкупна вредност на договорот изнесува 4.000 илјада денари без ДДВ, до ЕСЈН не е испратено Известување за реализиран договор во рок од 10 дена од целосната реализација на договорот, предвидено во член 70 став 8 од Законот за јавните набавки.

Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Препорака:
Одговорните лица во претпријатието кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки, да ги почитуваат законски пропишаните рокови при спроведувањето на постапки за набавка на добра, услуги или работи.

## Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.1, 3.2 и 3.3 се однесуваат на:

- неправилности во пресметка и исплата на платите и привремено ангажирани лица за вршење на редовни работни задачи;
- не запишана основна главнина во ЦР на РСМ;
- слабости во спроведувањето на пописот на средствата и изворите на средства за 2020 година;
- не преземени мерки за наплата на побарувањата и ненавремено подмирување на обврските и
- неправилности во спроведувањето на постапките за јавни набавки.

[25] член 112 став 4 во врска со член 116 став 1 од ЗЈН („Сл. весник на РСМ" бр. 24/19 и 87/21) и член 165 став 1 од ЗЈН („Сл. весник на РМ" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11,15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18)

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП „Куманово-паркинг" Куманово на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП „Куманово-паркинг" Куманово, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Со ЈП „Куманово-Паркинг" Куманово раководи директор именуван со Решение[26] од градоначалникот на Општина Куманово со мандат од 4 (четири) години. Од денот на истекот на мандатот, односно од 26.06.2018 година до денот на известувањето, градоначалникот нема објавено конкурс за избор на директор и со решенија[27] истото лице последователно на шест месеци го именува за в.д. директор, се до 20.12.2021 година кога со Решение[28] е назначено друго лице за в.д. директор за период од шест месеци. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од член 19-а од Законот за јавни претпријатија, со кои е уредено дека градоначалникот на општината, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Исто така, не е испочитувана обврската утврдена во член 24 од Законот за јавните претпријатија за склучување на договор помеѓу директорот и градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Именувањето на в.д директор во континуитет од две години, без спроведен јавен оглас не обезбедува транспарентност и конкуренција за избор на лице за

[26] Решение за избор на директор на ЈП „Куманово-Паркинг" Куманово со бр. 08-УП1-4352 од 25.06.2014
[27] Решение бр. 08-4379/1 од 26.06.2018, бр. 08-8429/1 од 27.12.2018, бр. 08-4284/1 од 27.06.2019, бр. 08-9389/1 од 27.12.2019, бр. 08-4173/1 од 29.06.2020, бр. 08-8386/1 од 30.12.2020 и Решение бр. бр. 08-5112/1 од 01.07.2021 година.
[28] Решение бр. 08-9369/1 од 20.12.2021 година

вршење на оваа функција и има влијание врз управувањето и раководењето со претпријатието. За надминување на ваквата состојба, градоначалникот на Општина Куманово треба да ги преземе потребните активности за спроведување на постапка за избор на директор со кој ќе склучи менаџерски договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

5.2. Во текот на 2011 година, помеѓу ЈП „Куманово-паркинг” Куманово и ЈП „Чистота и зеленило” Куманово склучен е договор[29] за набавка на услуги за отстранување на непрописно паркирани моторни возила во градот Куманово со специјално возило (пајак возило), сопственост на ЈП „Чистота и зеленило” Куманово. Согласно договорот јавното претпријатие има обврска на ЈП „Чистота и зеленило” Куманово, месечно да му исплаќа 85% од бруто остварените приходи. По овој основ заклучно со 31.12.2020 година, јавното претпријатие има искажано обврски во износ од 2.800 илјади денари, за што ЈП „Чистота и зеленило” Куманово има поднесено тужби и донесени се повеќе нотарски решенија[30] со правосилна наплата, но сеуште не е поведена постапка за нивно извршување. Ваквата состојба создава неизвесност за финансиските импликации и ризик од повторна блокада на сметката која ќе ја попречи реализација на тековните и програмските активности на јавното претпријатие. Ревизијата укажува на потребата од преземање на активности за склучување на договор меѓу ЈП „Куманово-паркинг“ Куманово и ЈП „Чистота и зеленило” Куманово за изнаоѓање на решение плаќање на обврските по заостанатиот долг на повеќе ануитети прифатливи за двете договорни страни, а со тоа и во континуитет намалување на обврската.

5.3. Јавното претпријатие „Куманово-паркинг“ Куманово е основано со цел да овозможи решавање на проблемите со паркирањето, посебно во централното градско подрачје на градот Куманово, со обезбедување на поголем број на паркинг места, поголем ред и побрз проток на сообраќајот. Во насока на намалување на сообраќајниот хаос и решавање на проблемот со недостиг на паркинг простор во градот, во 2010 година од страна на Советот на Општина Куманово, донесена е Одлука за зонско паркирање на подрачјето на градот со која градот Куманово е поделен на три зони: А, Б и Ц. Зона А го опфаќа централното подрачје, каде во 2020 година претпријатието стопанисува со вкупно 550 паркинг места. Во втората зона Б влегуваат паркинг просторите пред колективните станбени згради, кои во главно немаат регулирани имотно правни односи, или се приватна сопственост или се имот на РСМ и немаат статус на јавни паркинг простори. Овие простори можат да бидат уредени како паркинг места доколку бидат расчистени имотно правни односи и се постигне согласност за нивно управување. Во 2020 година, во месец октомври е

[29] бр.03-1477 од 09.11.2011 година
[30] Решение УПДР бр.7315/12 од 17.12.2012, бр.3412/2015 и бр. 4593/2015 година

активирано паркирањето во Зоната Б, со вкупно 30 паркинг места. Зоната Ц го опфаќа останатото градско подрачје каде е дозволено временски неограничено паркирање.

Иако е воведено зонско паркирање, не е намален проблемот со недостиг на паркинг места во град Куманово. Градот со вкупно 71 илјади жители и регистрирани 28 илјади моторни возила, во 2021 година располага со 600 паркинг места на територија на Општина Куманово и тоа 568 паркинг места во зона А и 32 паркинг места во зона Б.

Малиот број на паркинг места и тоа 600 паркинг места на територија на Општина Куманово за кои се издадени 405 претплатни паркинг карти од кои 104 претплатни карти за лица со посебни потреби и 304 претплатни карти за станари, физички и правни лица, 195 паркинг места за задоволување на потребите на граѓаните, и едно пајак возило, не обезбедува доволно приходи за ефикасно и рентабилно работење на претпријатието.

За надминување на проблемот од недостиг на паркинг простори претпријатието со години station наназад во сите програми за работа вклучува активности за зголемување на паркинг просторите како и проширување на зоната Б со која ќе се намали узурпацијата на јавниот простор, односно граѓаните ќе имаат соодветни места каде што ќе можат да се паркираат. а со тоа ќе се подобри работата на јавното претпријатие.

Поради недостиг на финансиски средства за реализација на инвестиционите активности, во 2019 година, јавното претпријатие поднело барање до Општина Куманово, Сектор за комунални работи инфраструктура и сообраќај, за изработка на проекти со ревизија за паркирање на подрачјето на Општина Куманово, но од страна на општината не се преземени активности за поддршка и реализација на барањето.



Паркинг - Куманово

5.4. Во фаза на известување на ревизијата од страна на одговорните лица во ЈП „Куманово-паркинг" Куманово спроведени се корекции, а се однесуваат на нематеријални средства - софтвер за деловно работење, кои биле евидентирани на материјални средства, во износ од 123 илјади денари. Извршено е прекнижување и истите се евидентирани на нематеријални средства. Овие корекции не предизвикуваат промена на активата и пасивата во финансискиот извештај Билансот на состојба. Корекцијата е спроведена со налог за книжење бр. 00032/21 од 17.02.2022 година.

## 6. Останати прашања

6.1. На јавното претпријатие, покрај основната дејност организирање и управување со паркинг просторот, му се делегирани ингеренции од областа на комуналната дејност во делот на јавното осветлување, како и управување со деловен простор. Овие активности се реализираат со Програма за користење и одржување на јавно осветлување на подрачје на Општина Куманово, а средствата за финансирање се обезбедуваат од страна на буџетот на Општината, што опфаќа 60% од приходите со кои располага претпријатието.

Во средината на 2019 година, Општина Куманов има склучено договор[31] за јавно приватно партнерство, со што на претпријатието му е одземена дејноста за уредување на јавното осветлување која е доделена со самото основање.

Исто така, во текот на 2018 година, со Одлука од Совет[32] деловниот простор - 12 дуќани со кои претпријатието стопанисувало и остварувало приходи по основ на закупнина, се одземени.

Движењето на приходите од работењето на претпријатието за период од 2014 - 2020 година е даден во следниот графикон.

[31] Договор за јавно приватно партнерство од 15.07.2019 година

[32] Одлука бр.09-8313/32 од 26.12.2018 година за престанување со важност на Одлуката за отстапување на користење управување и одржување на деловен простор сопственост на Општина Куманово бр.07-10443/15 од 05.11.2009 година




Како резултат на одземени надлежности во јавното осветлување, деловни објекти одземени со одлука на Совет[33] на Општина Куманово со кои претпријатието стопанисувало, мал број на паркинг места, користење на едно пајак возило, финансиската состојба и одржливоста на претпријатието низ годините се влошувала што резултира со блокади на сметката за редовно работење, прикажување на загуби од работење и намалување на приходите на претпријатието.

[33] Одлука бр.09-8313/32 од 26.12.2018 година за престанување на важност на Одлуката за отстапување на користење, управување и одржување на деловен простор-сопственост на Општина Куманово

ЈП Куманово-паркинг Куманово

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на неповрзани друштва | 3.1 | 15.687 | 29.964 |
| Останати приходи | 3.2 | 2.099 | 1.443 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | 17.786 | 31.407 |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3 | 3.276 | 9.491 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 1.193 | 943 |
| Плата надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 13.672 | 14.576 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 205 | 186 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 3.560 | 5.942 |
| Останати расходи | 3.8 | 6 | - |
| **Вкупно расходи од работењето** | | 21.912 | 31.138 |
| Финансиски расходи | 3.9 | 81 | 1.845 |
| **Загуба од редовно работење** | 3.10 | (4.207) | (1.128) |

ЈП Куманово-паркинг Куманово

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложенија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 598 | 237 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 2.252 | 3.306 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3 | 191 | 191 |
| Побарување од вработените | 4.4 | 30 | 30 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани(АВР) | 4.5 | 1.930 | 1.948 |
| Залихи | 4.6 | 57 | 57 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.058** | **5.769** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.7 | 91 | |
| Материјални средства | 4.8 | 1.804 | 2.038 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1.895** | **2.038** |
| **Вкупна актива** | | **6.953** | **7.807** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачите | 4.9 | 16.405 | 13.353 |
| Краткорочни обврски за даноци ,придонеси и други давачки | 4.10 | 1.031 | 1.314 |
| Обврски спрема вработените | 4.11 | 573 | 671 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.12 | 524 | 379 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди | 4.13 | 953 | 416 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **19.486** | **16.133** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина запишан и уплатен капитал | 4.14 | 6.500 | 6.500 |
| Акумулирана добивка | 4.15 | 3.791 | 3.791 |
| Пренесена загуба | 4.16 | 18.617 | 17.489 |
| Загуба од тековната година | 4.17 | 4.207 | 1.128 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **(12.533)** | **(8.326)** |
| **Вкупна пасива** | | **6.953** | **7.807** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Акумулирана добивка | Пренесена загуба | Загуба за финансиска година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2020** | 6.500 | 3.791 | (18.617) | | **(8.326)** |
| Загуба од тековна година | | | | (4.207) | (4.207) |
| **Состојба на ден 31. декември 2020** | **6.500** | **3.791** | **(18.617)** | **(4.207)** | **(12.533)** |

| | |
|---|---|
| ЈП "Куманово-паркинг“ Куманово | |
| | |
| | |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА** | |
| | |
| | во 000 денари |
| | 2020/2019 |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | (4.207) |
| Амортизација | 205 |
| **Готовински текови од работење** | **(4.002)** |
| Поварувања од купувачите | 1.054 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 18 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачите | 3.052 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | (283) |
| Обврски спрема вработените | (98) |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 145 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 537 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **423** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (62) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(62)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | |
| | |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 361 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 237 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 598 |